# АМСМ Членство (PLUS)

## Членски права

АМСМ ЧЛЕНСТВО ПЛУС
ОПШТИ ОДРЕДБИ
(Јули, 2005)

Дефиниција

АМСМ Членство Плус претставува комплетен пакет составен од туринг услуги и услуги на асистенција и овозможува целосно згрижување на членовите на територија на Република Македонија и Европа. Членовите на АМСМ Членство Плус добиваат членска картичка со којашто можат да ги користат членските услуги: патнички превоз, такси превоз, отстранување дефект на самото место на настанот, пренос на возила и други услуги. Услугите на АМСМ Членство Плус нудат брзо и навремено продолжување на патувањето, како и целосна сигурност во однос на заштита на членовите на АМСМ и на нивните возила.

Територија

АМСМ Членство Плус озбезбедува пакет туринг услуги и услуги на асистенција на територија на Република Македонија и Европа, односно во Европските држави наведени во списокот на Авто-Мото Сојузи во Европа со кои што АМСМ соработува. Во Европските држави кои што не се наведени, АМСМ не гарантира обезбедување на интервенција поради непостоење на соодветна институција во мрежата на ФИА од соодветната држава.

Услуги што ги нуди АМСМ Членство Плус на територија на Република Македонија

АМСМ Членство Плус во согласност со долунаведениве одредби ги обезбедува следниве услуги во форма на сервисни услуги или / и надомест на трошоци:

- Помош на пат (§ 1)
- Пренос на возило (§ 2)
  - Бесплатен пренос на оштетено возило
  - Бесплатен пренос во случај на дефект на возило
  - Бесплатен пренос на оштетена камп приколка
  - Бесплатен пренос на украдено возило
  - Пренос на возило со 20% попуст
- Извлекување (§ 3)
- Покривање на патните трошоци (§ 4)
  - Патнички превоз
  - Такси превоз
- Сервисни услуги (§ 5)
  - Бесплатни сервисни услуги
  - Попуст од 20% на сервисни услуги
- Травел-Инфо Сет(Информативен комплет за патување) (§ 6)
- Бесплатен превентивен технички преглед (§ 7)
- 10% попуст при задолжителен технички преглед (§ 8)
- Show Your Card (Покажи ја членската картичка) (§ 9)

§ 1. Помош на пат

Помош на пат претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации /

АМСМ
Членство & Маркетинг
“И.Р.Лола” 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

# АМСМ Членство (PLUS)

Авто-Мото Друштво (во понатамошниот текст АМД) или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриена територија (§ 15) врз овластено возило коешто се наоѓа во дефект (§ 12) и / или сообраќајна незгода (§ 13), и притоа не може да се движи на сопствен погон управувано од страна на членот на АМСМ Членство Плус (§ 16), при што за враќање на возилото во привремена функционална состојба неопходна е техничка интервенција од наведените извршители.

Помош на пат се извршува при ненадејни недоследности и дефектни состојби во функционалноста на возилото и притоа се базира на привремено, но не и на дефинитивно отстранување на дефектот, со цел враќање на возилото во привремена функционалост.

Доколку наведените извршители на услугата Помош на пат не се во состојба да го отстранат дефектот на овластеното возило (§ 11) поради тоа што истиот претставува системски дефект, дефект од несоодветно одржување, дефект предизвикан од несоодветни резервни делови и од несоодветна стручност од страна на лица и сервиси кои го одржуваат овластеното возило (§ 11), во тој случај наведените извршители не се обврзани да ја извршат наведената услуга.

Членот на АМСМ Плус (§ 16) има право да користи неограничен број на услуги за Помош на пат во и / или вон градско подрачје на покриената територија (§ 15), но во максимален вкупен износ до 6000 МКД согласно официјалниот ценовник на Службата Помош - Информации. Помош на пат надвор од градско подрачје се извршува единствено на автопатишта, на магистрални и на регионални патишта. Доколку се надминат наведениве ограничувања во рамките на вкупен број на искористени интервенции, услугата Помош на пат се наплатува согласно со официјалниот ценовник на Службата Помош - Информации.

§ 2. Пренос на возило

Услугите 2.1.; 2.3. и 2.4 се извршуваат единствено на релација каде што како појдовна точка се смета местото на настанот каде што настанал главниот услов за извршување на истите:

- За услугата 2.1. - локација на сообраќајна незгода;
- За услугата 2.3. - локација на сообраќајна незгода;
- За услугата 2.4. - локација на пронајдено возило како последица на кражба (§ 14);

- и како крајна точка се смета местото на живеење на членот на АМСМ (§ 16) заведено во членските податоци.

- Доколку поради објективни причини:
  - Преместување на овластеното возило / камп приколка по налог на службен орган;
  - Повреда на членот на АМСМ (§ 16) и / или на овластените лица (§ 10);
- појдовната точка не е идентична со местото на настанот и / или доколку членот на АМСМ (§ 16) бара извршување на услугата на релација каде што крајната точка не е идентична со местото на живеење на членот на АМСМ (§ 16) заведено во членските податоци, услугите 2.1.; 2.3.и 2.4. ќе бидат извршени на релација не поголема од претходно наведената.

✍Услугата 2.2. се извршува еднствено на релација каде што како појдовна точка се смета единствено местото на настанот каде што настанал главниот услов за извршување на истата (локацијата на дефектот на возилото) и како крајни точки се сметаат следниве локации согласно со условите:

- Возилото е под гаранција на производителот - како крајна локација се смета најблискиот овластен сервис на соодветниот производител, сметајќи од појдовната точка;
- Возилото не е под гаранција на производителот - како крајна точка се смета најблискиот сервис Договорен партнер на АМСМ (§ 19) способен и опремен да го отстрани дефектот на возилото, сметајќи од појдовната точка.

АМСМ
Членство & Маркетинг
“И.Р.Лола” 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје
Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

# АМСМ Членство (PLUS)

Членот на АМСМ Плус (§ 16) има право да користи неограничен број на услуги за Пренос на возило, вклучувајќи ги услигите 2.1.; 2.2.;2.3.;2.4., во и / или вон градско подрачје на покриената територија (§ 15), но во максимален вкупен износ до 6000 МКД согласно официјалниот ценовник на Службата Помош - Информации. Пренос на возило надвор од градско подрачје се извршува единствено на автопатишта, на магистрални и на регионални патишта. Доколку се надминат наведениве ограничувања во рамките на вкупен број на искористени интервенции, услугата Пренос на возило се наплатува согласно со официјалниот ценовник на Службата Помош - Информации.

2.1. Бесплатен пренос на оштетено возило
Бесплатен пренос на оштетено возило претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) коешто е учесник во сообраќајна незгода (§ 13) и притоа не може да се движи на сопствен погон, управувано од страна на членот на АМСМ Плус (§ 16), без оглед на тоа дали истиот е виновен или не во однос на причините за сообраќајната незгода (§ 13).

Бесплатен пренос на оштетено возило се извршува единствено со претходно давање на увид на службен документ, издаден од страна на овластен орган, којшто го потврдува настанот, односно сообраќајната незгода (§ 13).

2.2. Бесплатен пренос во случај на дефект на возило
Бесплатен пренос во случај на дефект на возило претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) коешто е во дефектна состојба (§ 12) и притоа не може да се движи на сопствен погон, управувано од страна на членот на АМСМ Плус (§ 16).

2.3. Бесплатен пренос на оштетена камп приколка
Бесплатен пренос на оштетена камп приколка претставува услуга којашто ја извршува Службата Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) управувано од страна на членот на АМСМ Плус (§ 16), којшто е учесник во сообраќајна незгода (§ 13) и врз камп приколката, доколку ги исполнува позитивните сообраќајни прописи за учество во патниот сообраќај, влечена од наведеното возило, која е исто така оштетена и онеспособена за понатамошно влечење како резултат на сообраќајната незгода (§ 13).

Бесплатен пренос на оштетена камп приколка се извршува единствено со претходно давање на увид на службен документ, издаден од страна на овластен орган, којшто го потврдува настанот, односно сообраќајната незгода (§ 13).

2.4. Бесплатен пренос на украдено возило
Бесплатен пренос на украдено возило претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) коешто е предмет на кражба (§ 14) и по неговото пронаоѓање истото не може да се движи на сопствен погон.

Бесплатен пренос на украдено возило се извршува единствено со претходно давање на увид на службен документ, издаден од страна на овластен орган, којшто го потврдува настанот, односно кражбата (§ 14).

2.5. Пренос на возило со 20% попуст

АМСМ
Членство & Маркетинг
"И.Р.Лола" 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

Пренос на возило со 20% попуст претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) управувано од страна на член на АМСМ Плус (§ 16) во случај на дефект (§ 12) или во случај кога членот на АМСМ Плус смета дека му е потребна оваа услуга.

§ 3. Извлекување

Извлекување претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) управувано од страна на член на АМСМ Плус (§ 16) во текот на членскиот период (§ 17), и тоа врз возило коешто се наоѓа на или надвор од асфалтиран пат (паѓање во бездна, заринкување во кал, вода, снег) и за враќање на истото во состојба да го продолжи патувањето, при што е неопходна специјална техничка интервенција од наведениве извршители.

Членот на АМСМ Плус (§ 16) има право да користи неограничен број на услуги за Извлекување во и / или вон градско подрачје на покриената територија (§ 15), но во максимален вкупен износ до 3000 МКД согласно официјалниот ценовник на Службата Помош - Информации. Доколку извршителите на наведената интервенција АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) не поседуваат техничка можност за успешно извршување на интервенцијата, и притоа неопходно е ангажирање на специјално возило за извлекување (кран, дигалка), трошоците за извлекување ги сноси членот на АМСМ Плус (§ 16).

Извлекување надвор од градско подрачје се извршува единствено на автопатишта, на магистрални и на регионални патишта. Доколку се надминат наведениве ограничувања во рамките на вкупен број на искористени интервенции, услугата Пренос на возило се наплатува согласно со официјалниот ценовник на Службата Помош - Информации.

§ 4. Покривање на патните трошоци

Покривањете на патните трошоци преставува услуга којашто ја извршува АМСМ Служба Помош - Информации или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) и се извршува единствено заедно со услугите 2.1.; 2.2.; 2.3.; и 2.4.. Покривање на патните трошоци претставува пренос на членот на АМСМ и на овластените лица (§ 10) на релација дефинирана под § 2 - Пренос на возило и условите за максимална релација коишто важат за услугите 2.1.; 2.2.; 2.3.; 2.4..

Под покривање на патните трошоци спаѓаат следниве услуги:
4.1. Патнички превоз
4.2. Такси превоз

Извршителите на услугите 4.1. и 4.2. (АМСМ Служба Помош - Информации / АМД или договорен партнер на АМСМ) гарантираат навремено извршување на истите во склоп со услугите дефинирани под (§ 2) - Пренос на возило, притоа времето потребно за извршување на услугата, почнувајќи од повикот за побарување на услугата од страна на Членот на АМСМ (§ 16) до пристигнувањето на наведените извршители до местото на настанот, не смее да изнесува повеќе од 1 час, освен во случаи на нарушување на нормалниот режим на сообраќај, елементарна непогода, виша сила, штрајк, нереди и војна.

§ 5. Сервисни услуги

АМСМ
Членство & Маркетинг
"И.Р.Лола" 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

5.1. Бесплатни сервисни услуги
5.1.1. Контрола и регулација на светла
5.1.2. Монтирање или замена на регистарски таблички
5.1.3. Замена на масло во моторот или во менувачот

Бесплатната сервисна услуга претставува услуга којашто ја извршува АМСМ База / АМД на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) управувано од страна на членот на АМСМ (§ 16) во случај кога членот на АМСМ смета дека е потребна сервисна интервенција врз возилото коешто го управува во текот на членскиот период.

5.2. Попуст од 20% на сервисните услуги
Попуст од 20% на сервисните услуги претставува услуга којашто ја извршува АМСМ База/ АМСМ Стационар / АМД или договорен партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11), управувано од страна на членот на АМСМ (§ 16) во случај кога членот на АМСМ смета дека е потребна сервисна интервенција врз возилото коешто го управува во текот на членскиот период.

Членот на АМСМ (§ 16) има право на користење на 20% попуст на сите сервисни услуги согласно со официјалниот ценовник на наведените извршители.

§ 6. Травел-Инфо Сет

Травел-Инфо Сет (Информативен комплет за патување) претставува услуга којашто ја извршува АМСМ Информативен центар за членовите на АМСМ (§ 16) коишто за планираното патување надвор од Р. Македонија имаат потреба од соодветни сообраќајни, туринг и од картографски информации.

При користење на Травел-Инфо Сет членот е должен да пополни формулар каде што ќе ја наведе планираната патна рута, вклучувајќи почетна, крајна точка и транзитни точки од планираното патување. Притоа членот ќе добие Травел-Инфо Сет којшто во себе ќе ги содржи:

6.1. Травел-Инфо Сет Информатор (туринг информации за секоја држава)
6.2. Травел-Инфо Сет Патна карта (патна карта)
6.3. Травел-Инфо Сет Рутер (опис на планираната рута, со точни информации за насоката и за износ на километри)

Членовите на АМСМ (§ 16) во текот на членскиот период имаат право да користат вкупно 2 (два) Травел - Инфо Сета. Травел-Инфо Сет, вклучувајќи 6.1.; 6.2.; и 6.3., содржи материјали единствено за наведената рута и за државите коишто се вклучени во истата, при што АМСМ не е должен да издава материјали надвор од наведената рута.

§ 7. Бесплатен превентивен технички преглед

Бесплатен превентивен технички преглед претставува услуга којашто ја извршува АМСМ / АМД на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) управувано од страна на членот на АМСМ (§ 16).

Членот на АМСМ (§ 16) во текот на членскиот период (§ 17) има право еднаш да ги користи услугите за бесплатен превентивен технички преглед.

АМСМ
Членство & Маркетинг
“И.Р.Лола” 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

## АМСМ Членство (PLUS)

§ 8. 10% попуст при задолжителен технички преглед

10% попуст при задолжителен технички преглед претставува услуга којашто ја извршува АМСМ / АМД на покриената територија (§ 15) врз овластено возило (§ 11) управувано од страна на членот на АМСМ (§ 16) и обезбедува 10% попуст при задолжителниот технички преглед.

§ 9. Show Your Card (Покажи ја членската картичка)

„Show Your Card" (Покажи ја членската картичка) претставува услуга којашто ја извршува договорниот партнер на АМСМ (§ 19) на покриената територија (§ 15) и притоа членот на АМСМ (§ 16) во текот на членскиот период (§ 17) е овластен да ги користи ексклузивните попусти коишто АМСМ ги обезбедува заедно со своите договорни партнери (§ 19).
Членовите на АМСМ услугата ја користат со претходна идентификација на членската картичка и со логото „Show Your Card".

§ 10. Овластено лице (Лица коишто се покриени)

Овластено лице претставуваат сите физички лица (но не повеќе од 4) коишто се директни учесници во настаните опишани како услов за извршување на услугата 2.1. од § 2.

§ 11. Овластено возило (Возила коишто се покриени)

Овластено возило, односно возило коешто е покриено со услугите на АМСМ Членство Плус, претставува секое регистрирано патничко моторно возило и / или мотоцикл на име на членот на АМСМ, а единствен документ за тоа е сообраќајната дозвола издадена од страна на овластен орган. Овластеното возило треба да ги исполнува следниве својства:

- Максимум 7 седишта;
- Максимална ширина од 2,5 м;
- Максимална должина (вклучувајќи приколка) 13 м;
- Максимална висина од 2,5 м;
- Максимална тежина од 2.000 кг.

§ 12. Дефект на возило

Дефект на возило претставуваат ненадејните недоследности и дефектни состојби во функционалноста на возилото коишто водат до моментална имобилизација на истото. Како дефект на возило нема да бидат сметани системските откажувања на деловите на возилото и дефектите коишто се јавуваат како последица од несоодветното одржување на возилото.

§ 13. Сообраќајна незгода

Сообраќајна незгода настанува тогаш кога овластеното возило (§11) учествува во:

13.1. Судир со друго возило;
13.2. Судир со животно на патот;
13.3. Налетување на објект;
13.4. Излетување од патот;

АМСМ
Членство & Маркетинг
"И.Р.Лола" 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

13.5. Превртување на возилото;
13.6. Пожар на возилото;
па како последица на тоа настанала материјална штета и / или повреда на лица. Единствен доказ за сообраќајната незгода е службениот документ издаден од страна на овластен орган.

§ 14. Кражба

Кражбата претставува противправно одземање на овластеното возило (§11). Единствен доказ за кражбата е службениот документ издаден од страна на овластен орган.

§ 15. Покриена територија

Покриена територија претставува Република Македонија, вклучувајќи ги автопатиштата, регионалните и магистралните патишта.

§ 16. Член на АМСМ Плус

Член на АМСМ Плус претставува физичко лице, државјанин на Р. Македонија или лица со статус на привремен престој во Р. Македонија којшто ја имаа платено или со друг соодветен финансиски документ има обезбедено плаќање на годишната членарина за АМСМ Членство Плус.

§ 17. Членски период

Членскиот период изнесува 12 месеци. Важноста на членскиот период започнува на денот на уплатата на членскиот износ.

§ 18. Користење на услугите

Доколку физичкото лице за првпат се зачленува во АМСМ Членство Плус и станува член на АМСМ, или пак доколку физичкото лице има прекин подолг од 30 дена во однос на АМСМ Членство Плус, членските услуги ќе ги користи на следниов начин:
18.1. Услугите под § 1; § 3; § 5 може да се користат по 48 часа, почнувајќи од датумот на започнување на членскиот период.
18.2. Услугите под § 2; § 4 може да се користат по 10 дена, почнувајќи од датумот на започнување на членскиот период.
18.3. Услугите под § 6; § 7; § 8 и § 9 може да се користат веднаш по зачленувањето.
Доколку физичкото лице - член на АМСМ Членство Плус, нема направено прекин во членскиот период, во тој случај членот на АМСМ може да ги користи наведениве услуги без периодичните ограничувања наведени под 18.1.; 18.2.; 18.3..

§ 19. Договорен партнер на АМСМ

Договорниот партнер на АМСМ претставува правно лице коешто исполнува одредени квалитативни стандарди дефинирани од страна на АМСМ со коешто АМСМ има потпишано договор за извршување одредени услуги со цел заштита на членовите на АМСМ во однос на квалитетот и на висината на услугите коишто ги дава договорниот партнер.

АМСМ
Членство & Маркетинг
“И.Р.Лола” 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

§ 20. Во кои случаи членот на АМСМ Плус не може да ги користи услугите

Членот на АМСМ Плус не може да ги користи услугите на АМСМ Членство Плус во следниве случаи:

20.1. При побарување за користење на услугите под § 1; § 2 (2.1.; 2.2.; 2.3.; 2.4.), § 3; § 4 (4.1.; 4.2.), ако членот на АМСМ не упатил повик до АМСМ Алармен центар или ако повикот до Алармниот центар е упатен со задоцнување поголемо од 24 часа од настанот којшто претставува основна причина за извршување на наведените услуги.

- Доколку поради објективни причини:
  - Упатување повик по извршување на увидот од страна на овластен орган;
  - Повреда на членот на АМСМ (§ 16) и / или на овластените лица (§ 10);
- настане задоцнување во однос на рокот за упатување повик, причините ќе бидат земени предвид и услугата извршена од страна на соодветните извршители.

20.3. При побарување за користење на услугите од § 1 - § 9, членот на АМСМ при процесот на зачленување одбил да ги обезбеди неопходните членски податоци (Податоци за возилото: марка, тип, рег. бр., год. на производство).

20.4. При побарување за користење на услугите под § 1; § 2 (2.1.; 2.2.; 2.3.; 2.4.), § 3; § 4 (4.1.; 4.2.), во случај на сообраќајна незгода (§ 13), членот на АМСМ Членство Плус (§ 16) не го пријавил настанот на овластен орган.

Услуги што ги нуди АМСМ Членство Плус на територија на Европа

АМСМ Членство Плус во согласност со долунаведениве одредби ги обезбедува следниве услуги во форма на сервисни услуги или / и надомест на трошоци:

Помош на пат (§ 21)
Пренос на возило (§ 22)
- Бесплатен пренос на оштетено возило
- Бесплатен пренос во случај на дефект на возило
- Бесплатен пренос на оштетена камп приколка
- Бесплатен пренос на украдено возило
- Пренос на возило со 20% попуст

Извлекување (§ 23)
Авионски превоз (§ 24)
Рент-а-кар (§ 25)
Хотелско сместување (§ 26)

§ 21. Помош на пат

Членот на АМСМ Плус (§ 16) има право да користи неограничен број на услуги за Помош на пат на територија на Европа, но во максимален вкупен износ до 100 ЕУР (во противредност на соодветната државна валута) согласно официјалниот меѓународен ценовник на Европските Авто-Мото Сојузи. Помош на пат надвор од градско подрачје се извршува единствено на автопатишта, на магистрални и на регионални патишта. Доколку се надминат наведениве ограничувања во рамките на вкупен број на искористени интервенции, услугата Помош на пат се наплатува согласно со официјалниот меѓународен ценовник на Европските Авто-Мото Сојузи.

АМСМ
Членство & Маркетинг
"И.Р.Лола" 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

При обезбедување на услугата Помош на пат на територија на Европа важат сите останати одредби од § 1.

§ 22. Пренос на возило

Членот на АМСМ Плус (§ 16) има право да користи неограничен број на услуги за Пренос на возило на територија на Европа, но во максимален вкупен износ до 100 ЕУР (во противредност на соодветната државна валута) согласно официјалниот меѓународен ценовник на Европските Авто-Мото Сојузи. Пренос на возило надвор од градско подрачје се извршува единствено на автопатишта, на магистрални и на регионални патишта. Доколку се надминат наведениве ограничувања во рамките на вкупен број на искористени интервенции, услугата Пренос на возило се наплатува согласно со официјалниот меѓународен ценовник на Европските Авто-Мото Сојузи.

При обезбедување на услугата Пренос на возило на територија на Европа важат сите останати одредби од § 2, освен услугата 2.5. која што не важи на територија на Европа.

§ 23. Извлекување

Членот на АМСМ Плус (§ 16) има право да користи неограничен број на услуги за Извлекување во и / или вон градско подрачје на територија на Европа, но во максимален вкупен износ до 50 ЕУР (во противредност на соодветната државна валута) согласно официјалниот меѓународен ценовник на Европските Авто-Мото Сојузи. Доколку извршителите на наведената интервенција АМСМ Служба Помош - Информации / АМД, договорен партнер на АМСМ (§ 19) или Европските Авто-Мото Сојузи не поседуваат техничка можност за успешно извршување на интервенцијата, и притоа неопходно е ангажирање на специјално возило за извлекување (кран, дигалка), трошоците за извлекување ги сноси членот на АМСМ Плус (§ 16).

При обезбедување на услугата Извлекување на територија на Европа важат сите останати одредби од § 3.

§ 24. Авионски превоз

Авионски превоз претставува услуга којашто ја обезбедува Алармен Центар на АМСМ на територија на Европа и претставува пренос на членот на АМСМ Плус со помош на повратна авионска карта од локацијата на дефектот до Скопје во максимален износ од 250 ЕУР (во противредност на соодветната државна валута).

Членот на АМСМ Плус е овластен да ја користи услугата Авионски превоз единствено доколку возилото во сопственот на членот на АМСМ Плус се наоѓа во дефект или е оштетено, и притоа истото не може повторно да биде оспособено за учество во сообраќајот. Степенот на дефект, односно оштетување на возилото го утврдува Алармен Центар на АМСМ во соработка со Европските Авто-Мото Сојузи.

§ 25. Рент-а-кар

Рент-а-кар претставува услуга која што ја обезбедува Алармен Центар на АМСМ во соработка со Европските Авто-Мото Сојузи на територија на Европа. Членот на АМСМ Плус е овластен на

АМСМ
Членство & Маркетинг
“И.Р.Лола” 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk

користење на Рент-а-кар услуга во максимален износ од 70 ЕУР (во противредност на соодветната државна валута) и тоа доколку дефектот на возилото не може да биде отстранет во рок од 48 часа.

§ 26. Хотелско сместување

Хотелско сместување претставува услуга која што ја обезбедува Алармен Центар на АМСМ во соработка со Европските Авто-Мото Сојузи на територија на Европа. Членот на АМСМ Плус е овластен на користење хотелско сместување во максимален износ од 100 ЕУР (во противредност на соодветната државна валута) и тоа доколку дефектот на возилото не може да биде отстранет во рок од 24 часа.

§ 27. Користење на услугите на територија на Европа

Доколку физичкото лице за првпат се зачленува во АМСМ Членство Плус и станува член на АМСМ, или пак доколку физичкото лице има прекин подолг од 30 дена во однос на АМСМ Членство Плус, членските услуги на територија на Европа ќе ги користи на следниов начин:
27.1. Услугите под § 21; § 22; § 23 може да се користат по 48 часа, почнувајќи од датумот на започнување на членскиот период.
27.2. Услугите под § 24; § 25; § 26 може да се користат по 10 дена, почнувајќи од датумот на започнување на членскиот период
Доколку физичкото лице - член на АМСМ Членство Плус, нема направено прекин во членскиот период, во тој случај членот на АМСМ може да ги користи наведениве услуги без периодичните ограничувања наведени под 27.1.; 27.2..

Членот на АМСМ Плус не може да ги користи услугите на АМСМ Членство Плус во следниве случаи:
27.3. При побарување за користење на услугите под § 21; § 22; § 23; § 24; § 25; § 26, ако членот на АМСМ не упатил повик до АМСМ Алармен центар или ако повикот до Алармниот центар е упатен со задоцнување поголемо од 24 часа од настанот којшто претставува основна причина за извршување на наведените услуги.
27.4. При побарување за користење на услугите под § 21; § 22; § 23; § 24; § 25; § 26, членот на АМСМ при процесот на зачленување одбил да ги обезбеди неопходните членски податоци (Податоци за возилото: марка, тип, рег. бр., год. на производство).
27.5. При побарување за користење на услугите под § 21; § 22; § 23; § 24; § 25; § 26, во случај на сообраќајна незгода (§ 13), членот на АМСМ Членство Плус (§ 16) не го пријавил настанот на овластен орган.

АМСМ го задржува правото на исклучување на Членот на АМСМ Членство Плус доколку се утврди дека Членот несоодветно ги користи членските услуги согласно членските одредби. Членот притоа го губи правото на користење на членските услуги.

АМСМ - Членство & Маркетинг
(Јули, 2005)

АМСМ
Членство & Маркетинг
“И.Р.Лола” 51
П.Ф. 180
МК - 1000 Скопје

Тел.: +389 (0)2 3181-100
Факс: +389 (0)2 3216-022
clenstvo@amsm.com.mk